Музеј на град Скопје - Отворено графичко студио

# Борис Петровски

18 Октомври 2001 , 20.00

# Борис Петровски

Роден во Скопје , 1975.

Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности (ФЛУ) во Скопје , 1998

во класата на Проф.Стефан Маневски.







Изникнувајќи од субверзивноста и нихилизмот на младешката субкултура, графитот постепено прерасна во автохтон, социолошки, културолошки и естетски феномен. Доволно е човек да фрли поглед кон еден од многуте градски графити и да се увери во огромната енергија, креативност и ентузијазам на нивните автори. Кој може да одолее на мноштвото испреплетени калиографски облици со дисторзирани бои и психоделичен бекграунд, кои со својата свежина и инвентивност ја разубавуваат сивата и грда архитектоника на нашиот град.

Потврда за тоа се и графитите на младиот уметник Борис Петровски, кој со својата форма и пластичност се визуелно видување и надоврзување на неговото скулпторско проседе.

Снимајќи го со видео-камера процесот на исцртување на графитите на различни локации во градов (камион, резервоар, метален кран и sug) и емитувајќи ги различните "документарци" на пет монитори истовремено, авторот (за првпат на нашиве простори) се обиде да го редефинира значењето на овој глобален феномен.







**О**ттргнат од својот природен амбиент и вметнат во институционални рамки, графитот го губи својот арт - терористички идентитет, здобивајќи се со сосема поинаков контекст. Овде може да се направи паралела со големиот парадокс на модерната уметност која, инсистирајќи, во своите почетоци, на рушење на традицијата и музеите (DADA), на крајот и самата стана традиционална и музејска.

**О**вие основни назнаки, ако ништо друго, барем го иницираат процесот на превреднување на релативноста на графитот како уметнички чин и дело, потсетувајќи не на славниот гест Марсел Дишамп (Marcel Duchamp) кој изложувајќи фабрички произведен писоар, еднаш засекогаш, покажа дека веќе неможе да се воспостави јасна, видлива граница помеѓу уметност и антиуметност.

Атанас Ботев

## Самостојни изложби:

2000 - Музеј на современа уметност - Невообичаена Изложба
2001 - Скопје - Отворено графичко студио - Музеј на град Скопје

## Групни изложби:

2000 - Скопје - Се разбудив во движење
2000 - Скопје - NEW AGE FESTIVAL - Чифте Амам
2001 - Скопје - Урбан Херој



**Благодарност до**: Мојата фамилија, Отворено графичко студио, Беркан за снимањето, Филип и сите оние кои ја подржуваат оваа уметност.

